ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-96/6**

**Дата: 15.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Делчево за 2008 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Делчево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Органот на Општина Делчево за 2003 година. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции, даденото мислење е негативно.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Мирко Иванов – градоначалник на општина Делчево во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 02.11. до 23.11.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 15.02.2010 година примени се забелешки на Претходниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на општина Делчево за средствата на сметката на Органот, под број 11 – 551/1 од 15.02.2010 година, од Градоначалникот на општина Делчево. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките кои се однесуваат на наодите од точките **10.1.1 алинеја 1, 10.2.1. алинеја 1, 10.2.2., 10.2.3. алинеја 1, 10.2.4, 10.3.1 алинеја 5, 10.5.1 и 10.5.3 не се прифаќаат** и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби нови релевантни и достатни ревизорски докази како основ за нивно прифаќање;
- забелешката на точка **10.2.1. алинеја 2, делумно се прифаќа** и наодот во Конечниот извештај се менува во делот на износот, за исплатените средства на членовите на комисијата за проценка на пазарна вредност кои се од редовите на невработените.

11**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Делчево со состојба на 31.12.2008 година не е целосно извршен, што не е во согласност со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и тоа:

- не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2008 година, не е утврдена правната основа на обврските, старосната структура и не се утврдени причините за неплатените обврски спрема добавувачите;
- не е воспоставена евиденција на ситниот инвентар во употреба, има попис на ситен инвентар како количина, иако во сметководствената евиденција не е евидентиран ситен инвентар во употреба.
- нема Извештај за извршениот попис од страна на пописната комисија што не е во согласност со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Ова е резултат на непостоење на интерен акт за спроведување на пописот, неправилна примена на законските прописи и придонесува за нереална проценка на билансните позиции.

**Препорака:**

- Градоначалникот да иницира донесување интерен акт за спроведување на пописот со кој ќе се утврдат роковите за спроведување на пописот, изготвување на извештај, доставување до сметководство, начинот на спроведување, и

- пописната комисија при попис на обврските да го утврди правниот основ за обврските и причините за не плаќање на обврските во утврдените рокови.

11.1.2. Не се воспоставени сметководствени политики и начела за евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар што не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законските одредби придонело да се нема увид во состојбата на истите како и можност за ненаменско користење.
**Препорака:**
Да се донесе акт и да се воспостави сметководствена политика за евидентирање на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар.

## 11.2 Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.2.1. Спротивно на законската регулатива, во износ поголем од законски дозволениот се исплатени плати и надоместоци во вкупен износ од 175 илјади денари:
- пресметани и исплатени се повеќе средства во износ на 31 илјада денари на Градоначалник по основ на плата, што е спротивно на член 11 од Закон за плати и други надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во републиката;
- исплатени се средства во износ од 84 илјада денари надоместок на Комисија за проценка на пазарна вредност, и
- исплатени се средства во износ од 60 илјада денари надоместок за советниците за учество при склучување на брак спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на бирани и имењнувани лица во Република Македонија.

**Препорака:**
За незаконски исплатените средства надлежните во општината да преземат мерки за нивно враќање.

11.2.2. Ревизијата не се увери во објективноста на дел од расходите на ставката Други тековни расходи за износ од 809 илјади денари направени по основ на фактури за угостителски услуги кои не се поткрепени со спецификации, без да е наведено кога е услугата извршена, кој е корисник на услугата од општината и по кој повод истата е извршена .
Општина Делчево нема акт со кој се регулира правото на користење на угостителски услуги во земјата и во странство, кој може да биде корисник на ваква услуга и во кои услови (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби и слично).

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да донесе интерен акт со кој јасно ќе биде уредено кој има право на репрезентација, висината на репрезентацијата, случаите во кои актот ќе се применува и документацијата што треба да се приложи како поткрепа на направените трошоци.

11.2.3. Евидентирани се расходи во износ од 373 илјади денари на сметката Стоки и услуги кои не се поткрепени со комплетна документација, и тоа:
- од ставката Други материјали за посебна намена извршена е набавка на материјали ( црево за водовод), по барање од физички лица во вкупен износ од 261 илјада денари за што нема документ дали приемот е извршен од страна на лицата кои барале, нема донесено Одлука од Советот со цел транспарентност во начинот на доделување помош на граѓаните. Со ваквиот начин на доделување се ставаат во нерамноправна положба другите граѓани во општината;

- од ставката Одржување на улици, за машинска изработка на бентови исплатени се средства во износ од 77 илјади денари, по повисоки цени од цените утврдени во понудата на најповониот понудувач;
- од ставката Други тековни расходи исплатени се средства за репрезентација во вкупен износ 35 илјади денари, односно извршено е плаќање на Хотел "Гранит„ Охрид за ноќевања по фактура во која не е наведено за кои лица и за колку лица е услугата.

Евидентирањето на расходи за кои доставената документација е нецелосна и непотврдена од овластени лица е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, создава можност за зголемени трошоци и до ненаменско и незаконско трошење на јавните средства.

**Препорака:**

Одделението за сметководство евидентирањето на трошоците да го врши на основа комплетна и од овластени лица потврдена документација.

11.2.4. На ставката Други градежни објекти евидентирани се расходи во износ од 4.160 илјади денари кои се однесуваат за извршени работи на објекти од комуналната инфраструктура и тоа: доградба на локален пат, изградба на улици, непредвидени работи и санација на брана Лошана и реконструкција на водовод, по ситуации во вкупен износ од 5.633 илјади денари за кои не постои комплетна документација: проект, одобрение за градење, решение за назначување на надзор, градежен дневник, завршен извештај од надзор, технички прием и одобрение за употреба, за доградба на локален пат с. Град - Делчево извршена е замена на договорени позиции со други позиции (замена на асфалт со бехатон и на ригола со рабници), без постапка.

Започнување со градење без да се обезбеди одобрение за градба, без назначување надзорен орган и без друга документација како градежен дневник, извештај од надзор, технички прием не е во согласност со Законот за градење.

Непочитувањето на законските одредби, недостигот на целосна поткрепувачка документација со прилози како потврда за извршените работи, предизвикува намалена транспарентност во работењето на службите на општината, неисполнување на обврските од страна на изведувачите и надзорниот орган кои произлегуваат од склучените договори и незконско работење.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице со надлежните служби да изготват пишани процедури со утврдување на минимум документи и постапки што треба да ги содржи секое досие.

## 11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.3.1. Позицијата Нематеријални и Материјалните средства е нереално искажана во Билансот на состојбата поради следното:

- на позицијата Нематеријални средства погрешно е евидентирано вложување за набавено возило на лизинг за износ од 1,541 илјади денари;
- за евидентирано земјиште во износ од 15 илјади денари ревизијата не доби документација за основаноста на оваа позиција;
- вложувањата по времени ситуации не се евидентираат на позицијата материјални средства во подготовка и Пасивни временски разграничувања како кореспоодентна сметка во вкупен износ од 4,154 илјади денари (пракса е сметководствено да се евидентира по завршна ситуација);
- амортизацијата за 2008 година е погрешно пресметана (по пропишаните стапки со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата), што е спротивно на Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, и

- евидентирана вредност на училиштата и детската градинка во вкупен износ 90.102 илјади денари (сегашна вредност).

Ваквото постапување е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

- да се преземат мерки за утврдување на реалноста на искажаната состојба на евидентираното земјиште;
- правилно да се пресмета амортизацијата на средствата,и
- вредноста на објектите на училиштата и детската градика да ја водат корисниците со оглед на тоа што тие се правни лица на кои како основач се јавува општината.

**11.4. Ненаменско користење на средствата**

11.4.1. Општина Делчево во 2007 година извршила набавка на моторно возило купено на лизинг, со рок на отплата на 36 рати, за кое во 2008 година се платени 196 илјади денари. Купопродажната цена на возилото изнесува 1.541 илјади денари (вклучувајќи го надоместот за лизинг и ДДВ).

Советот на општината има донесено Одлука за одобрување на набавка на патничко моторно возило во април 2007 година. Општина Делчево спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, долгорочно се задолжила. Непочитувањето на законските одредби при долгорочно задолжување на општината придонесува за незаконско и ненаменско трошење на средствата.

**Препорака:**

Со оглед на задолженоста од минати години и блокираната сметка во континуитет, Општината да се воздржува од набавка на возила, односно средствата од Буџетот да ги користи првенствено за разрешување на работите од јавен интерес.

**11.5. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

11.5.1. По спроведени постапки: отворен повик 5/07 за доградба на локален пат село Град-Делчево и ограничен повик - втора фаза 1/07 за зимско одржување на улици и локални патишта сезона 2007-2008 година во вкупен износ од 2,228 илјади денари, во делот на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки и склучување на договори постапено е спротивно на законските одредби и тоа:

- тендерската документација за отворен повик не ги содржи задолжителните елементи кои во зависност од предметот на набавката се неопходни;
- дадените технички карактеристики во тендерската документација упатуваат на потекло на производството и тип на производ;
- рокот за примање на понудите определен од набавувачот е пократок од законски определениот;
- на ревизијата не се дадени на увид понудите;
- условите во склучениот договор со избраниот понудувач не се исти со дадената понуда,
- склучен договор за позиција за која не е вршено евалуирање.

11.5.2. По Отворен повик 2/06 за Изградба на две трафостаници ТЦ 10/04 КВ х 1000КВА со 10 КВ приклучен ВН кабел во Делчево, дадените технички карактеристики во тендерската документација 1ва варијанта упатуваат на потекло на производството и тип на производ, што е спротивно на законските одредби. Со избраниоит понудувач склучен е договор на износ од 6.941 илјади денари.

10.5.3. Во текот на 2008 година, спроведени се јавни набавки за: изградба на улици, систем за водоснабдување, изведба на градежно занатски работи, крпење на ударни дупки, набавка на градежни и електро материјали, во вкупен износ од 5,228 илјади денари, со прибирање на понуди без и со објавување на оглас, и е постапено спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- крајниот рок за поднесување на понудите кај постапката со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас е покус од законски утврдениот од денот на испраќање на барањето до економските оператори;
- дадените технички карактеристики во тендерската документација упатуваат на потекло на производител;
- набавката не е предвидена во планот за јавни набавки;
- условите во склучениот договор со избраниот понудувач не се исти со дадената понуда;
- не се доставени документи за потврдување на способноста;
- нема тендерска документација и понуди, и
- склучен договор во рок пократок од законскиот.

11.5.4. За направените расходи во 2008 година за поправка и сервисирање на возила, набавка на канцелариски материјали и средства за хигиена, поставување на канделабри, превоз и организирање на коктели не се спроведени постапки за јавни набавки во вкупен износ од 928 илјади денари, што е спротивно на законските одредби.

Не спроведувањето постапка за јавна набавка е спротивно на Законот за јавни набавки кој треба да обезбеди конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и не дискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во постапката на доделување на договор за јавна набавка и рационално и ефикасно искористување на средства во постапките на доделување на договори за јавни набавки.

**Препорака:**

Да се воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и не дискриминација, транспарентност и интегритет во постапката на доделување на договор за јавна набавка и рационално и ефикасно искористување на средства, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач и доделување на договор на најповолниот понудувач.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1. и 11.3., финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Делчево под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2. ,11.4. и 11.5. во Општина Делчево не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

14. Во однос на препораките дадени во Конечен извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Делчево за 2003 година, ревизијата утврди дека сите препораки се спроведени.

Скопје, 08.03.2010 Овластен државен ревизор

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 48.664 | 40.241 |
| **Вкупно приходи** | | **48.664** | **40.241** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 17.309 | 13.012 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 157 | 10 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 17.812 | 10.764 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 4.363 | 3.242 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 137 | 129 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **39.778** | **27.157** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 8.886 | 13.045 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8.886** | **13.045** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **48.664** | **40.202** |
| | | | |
| **Остварен вишок на приходи** | | **0** | **39** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 40 |
| Побарувања | | 0 | 958 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 29.521 | 33.237 |
| **Вкупно тековни средства** | | **29.521** | **34.235** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.541 | 1.541 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 15 | 15 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 349.139 | 355.010 |
| **Вкупно постојани средства** | | **350.695** | **356.566** |
| **Вкупна актива** | | **380.216** | **390.801** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 6.073 | 33.237 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 156 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.3. | 21.901 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 1.391 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 1.541 | 2.539 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **31.062** | **35.776** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 349.154 | 355.025 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **349.154** | **355.025** |
| **Вкупна пасива** | | **380.216** | **390.801** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2008 година** | **355.025** | **355.025** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **6.093** | **6.093** |
| | | **-** |
| Набавки | 6.093 | **6.093** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **11.964** | **11.964** |
| Амортизација | 11.964 | 11.964 |
| | | |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **349.154** | **349.154** |


Ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел: 3211-262; факс: 3126-311
Овластен државен ревизор